Архивски број: 08-53/2
21-03-2025 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-773/1 од 13.12.2024 година, поднесена од од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на членство во синдикат сторена од страна на работодавачот и генералниот директор како одговорно лице во правното лице, врз од Скопје во областа на работата и работните односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 13.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата), доставена е Претставка бр. 08-773/1 од со адреса на ул. , Скопје. Подносителката во претставката тврди дека врз неа е сторена дискриминација поради членување во „Самостоен Синдикат на “ (во натамошниот текст: Синдикатот) од страна на работодавачот е, со седиште на бул. , Скопје.

Имено, во претставката наведува дека таа била вработена како раководител на сметководство во од 09.02.2009 година. На 26.06.2024 година, заедно со колегите основале синдикат со назив Самостоен Синдикат на , со цел да ги заштитат нивните работнички права. Откако го основале Синдикатот, сите членови на синдикатот почнале да се соочуваат со притисоци од менаџментот, вклучувајќи закани и деградација на работните позиции, принудување на колегите да дадат отказ или биле незаконски отпуштени од работа. Наведува дека веќе 9 членови на Синдикатот не работат во фирмата како резултат на неправедни дисциплински постапки. После таквите настани, таа како што наведува конечно добила отказ на 11.12.2024 година, со образложение кое смета дека е неправедно и поврзано со нејзината синдикална активност. Според неа таквиот третман претставува дискриминација врз основа на член 5 и член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој забранува дискриминација врз основа на членство во синдикална организација. На крајот, бара од Комисијата да го разгледа овој случај, да утврди постоење на дискриминација и да препорача соодветни мерки за заштита на нејзините права и правата на останатите членови на синдикатот.

Во прилог на претставката во копии достави: Одјава во задолжително социјално осигурување; Одјави на повеќе вработени во . . каде што се гледа дека сите одјавени се членови на синдикатот; Барање на КСОМ со список на

вработени за кој се бара одбивање на месечна синдикална членарина од плата бр. 109/2024 од 19.06.2024 година, примено и заверено од на 26.06.2024 година, под бр. 01-528/24 и Предлага изјави од сведоци (по потреба од сите 9 членови).

ıреку извршниот директор со допис бр. 01-06/25 од 08.01.2025 година, доставен до Комисијата на 10.01.2025 година и заведен под бр. 08-53/1, се изјасни по наводите во претставката.

Во изјаснувањето наведуваат дека постапувајќи по барањето на Комисијата сметаат дека е потребно Комисијата да биде известена во врска со дадените наводи од страна на лицето , според кои наводи таа била дискриминирана затоа што била член на синдикат. Со следните зборови истакнуваат „лицето · заради неизвршување на работните задачи има добиено отказно решение на 15.08.2024 година по претходно водена дисциплинска постапка и одјава во АВРМ со М1/М2 образец од 26.08.2024 година и истиот е роден брат на , така да наводите за некаков синдикат и дискриминација не се точни затоа што по преструктоирањето на раководната структура во ıо месец јуни 2024 година, определен број на лица одбиваа да ги извршуваат работните задачи на новиот менаџмент.".

Понатаму, истакнуваат „Наводите на кои се повикува за дискриминација како член на Синдикат се неточни, и од страна на е поведена постапка пред ОЈО Скопје за неовластениот упис на синдикална организација КСОМ при за што во прилог Ви доставуваме и кривична пријава. Без знаење на која е сериозна фирма со долгогодишна традиција, од страна на лицето поранешен вработен , била поднесена регистрациона влошка до ЦРСМ на ден 26.08.2024 година за регистрација на Синдикална Организација, а од страна на регистарот му е издадено решение на ден 30.08.2024 година. По нашите сознанија за ваков чин, извршен е увид од нашите адвокати во просторните на ЦРСМ, при што по добивањето по службен пат на списите со кои е регистриран овој синдикат веднаш е поднесена жалба на ден 20.09.2024 година до комисијата за одлучување по жалби во втор степен при ЦРСМ.".

На крајот истакнуваат „Со оглед дека не постои никаква ни расна ни верска ни било каква дискриминација по било каков основ на лицето од Скопје, која не ги извршуваше цели 5 месеци работните задачи и беше толерирана заради што и е прекинат работниот однос, наводите за дискриминација за членство во Синдикат се апсолутно неточни.".

Согласно член 37 став 1 од Уставот на РСМ, *Заради остварување на своите економски и социјални права, граѓаните имаат право да основаат синдикати. Синдикатите можат да основаат свои сојузи и да членуваат во меѓународни синдикални организации.*

Членот 184 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013;

106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021 и 111/2023), утврдува *Работниците имаат право, по свој слободен избор, да основаат синдикат и во него да се зачленуваат, под условите пропишани со статутот или правилата на тој синдикат.* Додека ставот 2 утврдува дека *Синдикатот е самостојна, демократска и независна организација на работниците во која доброволно се здружуваат заради застапување, претставување, унапредување и заштита на своите економски, социјални и други поединечни и колективни интереси,* а согласно ставот 5 ***Синдикатите и здруженијата од ставовите (1) и (3) на овој член можат да се основаат без какво било претходно одобрување.***

Со член 185 став 2 од Законот за работните односи, се определува дека *(2) Никој не смее да биде ставен во понеповолна положба поради членство или нечленство во синдикатот, односно здружението на работодавачите, односно учество или неучество во дејноста на синдикатот, односно здружението на работодавачите.*

Согласно член 195 од истиот Закон, *Работодавачите и нивните здруженија* ***не смеат да имаат надзор над основањето и дејствувањето на синдикатите****, односно нивните здруженија на повисоко ниво, ниту со цел на таков надзор смеат да ги финансираат или на друг начин потпомагаат синдикатите, односно нивните здруженија на повисоко ниво.*

Членот 198 од Законот за работните утврдува

*(1) Работникот не смее да биде ставен во понеповолна положба од другите работници поради членство во синдикатот, а особено не е допуштено:*

*1) договор за вработување со определен работник да се склучи под услови за тој да не стапи во синдикат, односно под услов да истапи од синдикатот и*

***2) да му се раскине договорот за вработување или на друг начин го стави работникот во понеповолна положба од другите работници поради негово членство во синдикатот*** *или учество во синдикални активности надвор од работното време, а со согласност на работодавачот и за време на работното време.*

*(2) Членството во синдикатот и учество во активностите на синдикатот не смее да биде околност на која работодавачот ќе ја заснова одлуката за склучување на договор за вработување, за промена на работата која работникот ја работи, односно местото на работа, стручното образование, напредувањето, плаќањата, социјалните надоместоци* ***и престанок на договор за вработување****.*

*(3)* ***Работодавачот, директорот или некој друг орган и застапникот на работодавачот, не смеат да користат присила против кој било синдикат****.*

Согласно член 6 став 1 од Законот за работните односи, *Работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување,* ***членување во синдикатите****, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.*

Членот 71 став 4 од истиот Закон утврдува дека *Отказот на договорот за вработување, кој работникот директно или индиректно го ставаат во понеповолна положба по кој било од основите на членот 6 од овој закон, е ништовен од моментот на врачувањето на отказот.*

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

*Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, *постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *Подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.*

Комисијата, имајќи го во предвид Мислењето бр. 08-32/1 кое го има донесено на 03.01.2025 година, утврди дека тврдењето врз основа на изнесените факти во претставката е веројатно, па со преминат товар на докажување на лицето против кое е поднесена претставката, односно – Скопје, ја утврди фактичката состојба согласно која работодавачот - Скопје сторил директна дискриминација врз основа на членство во синдикат, врз вработената како членка на Самостојниот Синдикат на

Имено, Комисијата со Мислењето бр. 08-32/1 од 03.01.2025 година, утврди дека работодавачот Скопје и извршниот директор анти-синдикално дејствувале спрема Синдикатот, што резултирало со директна дискриминација врз вработените членови на Синдикатот опфатени, односно именувани во напред наведеното Мислење. Последиците од таквото дејствување, меѓу другото, биле престанок на работните односи за дел од вработените членови на Синдикатот, за што Комисијата има утврдено дека таквиот престанок на работните односи на дел од тие вработени е ништовен согласно член 71 став 4 од Законот за работните односи. Видно од утврдените факти засновани на приложените докази, вработената покрај тоа што е членка на Синдикатот, воедно е и

член на Извршниот одбор на истиот. Оттука, тврдењето на подносителката дека раскинувањето на нејзиниот работен однос од страна на работодавачот, односно одјавувањето на истата од системот на задолжително социјално осигурување во Агенцијата за вработување на РСМ, е сторено заради нејзино членување во Синдикатот, Комисијата го утврди како веројатно. Следствено на тоа, работодавачот , согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, не го поби тврдењето на подносителката, односно на ниту еден начин не го докажа спротивното, дека раскинувањето на работниот однос не се заснова на фактот што вработената е членка на Синдикатот. Напротив, работодавачот како и во постапката по Мислењето бр. 08-32/1 од 03.01.2025 година, продолжува со ставот, односно негирањето на Синдикатот и неговото основање, одејќи дотаму што изнесува наводи во однос на тоа дека Синдикатот е основан „без знаење на која е сериозна фирма со долгогодишна традиција“ и имплицира дејствија во врска со основањето на Синдикатот, односно постапување спротивно на изричната забрана во член 195 од Законот за работните односи, за надзор над основањето и дејствувањето на синдикатот. Дотолку што, комплементарно на наведеното, работодавачот , не изнесе никакви факти поткрепени со докази во однос на тоа врз основа на кои одредби од Законот за работните односи и престанал работниот однос на вработената , дали е спроведена некаква претходна постапка, туку само паушална изјава за неа и за останати вработени – членови на Синдикатот дека не ги извршувале работните задачи. Комплементарно на тоа, видно од приложениот увид, односно преглед на поранешни вработени во системот за евиденција на Агенцијата за вработување на РСМ, работниот однос престанал и на останати вработени кај работодавачот, членови на Синдикатот, опфатени во фактичката состојба од постапката завршена со Мислењето бр. 08-32/1 од 03.01.2025 година, а во која постапка додека се спроведувала нивните работни односи сè уште траеле, што дополнително укажува на фактот дека престанокот/раскинувањето на работните односи на овие вработени се заснова на нивното членување во Синдикатот.

Оттука, Комисијата утврди дека работодавачот не го докажа спротивното од тврдењето на подносителката, односно дека престанокот на работниот однос на се заснова на дискриминаторски основ членство во синдикат и како таква, одлуката на работодавачот за раскинување на работниот однос е ништовна во смисла на член 71 став 4 од Законот за работните односи.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

# ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА работодавачот . генералниот директор имајќи ја во предвид ништовноста на раскинувањето на работниот однос, односно договорот за вработување, веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена, од денот на добивањето на ова мислење со препораката, да ја вратат на работа

НАПОМЕНА: Доколку препораката не е исполнета во предвидениот рок, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

1.
2. *Генерален директор*
3. *Архива на Комисијата*